Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
С. Македонија

Воронешки државен универзитет
Русија

Университет имени Гоце Делчева,
г. Штип, С. Македония

Воронежский государственный университет
Россия

Goce Delcev University in Stip,
N. Macedonia

Voronezh State University
Russia

Петта меѓународна научна конференција

Пятая международная научная конференция

Fifth International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

8-9 октомври 2020 / 8-9 октября 2020 / 8-9 October 2020
Штип Штип Stip

| | |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип<br>С. Македонија<br>Университет имени Гоце Делчева, г. Штип,<br>С. Македония<br>Goce Delcev University in Stip,<br>N. Macedonia | Воронешки државен универзитет<br>Русија<br>Воронежский государственный университет<br>Россия<br>Voronezh State University<br>Russia |
| Петта меѓународна научна конференција | Пятая международная научная конференция |

Fifth International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ    ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

8-9 октомври 2020 | 8-9 октября 2020 | 8-9 October 2020
Штип    Штип    Stip

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
# СБОРНИК СТАТЕЙ
# CONFERENCE PROCEEDINGS

## ФИЛКО
## FILKO

**Јазично уредување**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонски јазик)
Марјана Розенфелд (руски јазик)
Биљана Иванова (англиски јазик)
Снежана Кирова (англиски јазик)
Татјана Уланска (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Костадин Голаков
Наташа Сарафова
Ирина Аржанова
Кире Зафиров

**Адреса на организацискиот комитет:**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Филолошки факултет**
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македонија

**Воронешки државен универзитет**
**Филолошки факултет**
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Русија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.7(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција филологија, култура и образование (5 ; 2020 ; Штип)
Зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование, 8-9 октомври 2020, Штип = Сборник статей / Пятая международная научная конференция ФИЛКО филология, культура и образование, 8-9 октября 2020, Штип = Conference proceedings / Fifth International scientific conference FILKO philology, culture and education, 8-9 October 2020, Stip. - Штип : Универзитет “Гоце Делчев”, 2021. - 465 стр. ; 21 см

Трудови на мак., рус. и англ. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-787-2

1. Напор. ств. насл.
а) Културологија -- Собири

COBISS.MK-ID 52932613

**ОРГАНИЗАЦИСКИ КОМИТЕТ**
Драгана Кузмановска, Филолошки факултет при УГД
Жана Грачева, Филолошки факултет при ВГУ
Весна Коцева, Филолошки факултет при УГД
Татјана А. Тернова, Филолошки факултет при ВГУ
Виолета Димова, Филолошки факултет при УГД
Генадиј Ф. Коваљов, Филолошки факултет при ВГУ
Костадин Голаков, Филолошки факултет при УГД
Лариса В. Рибачева, Филолошки факултет при ВГУ

**МЕЃУНАРОДЕН ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ**
Виолета Димова (Македонија)
Даниела Коцева (Македонија)
Драгана Кузмановска (Македонија)
Ева Ѓорѓиевска (Македонија)
Марија Кусевска (Македонија)
Силвана Симоска (Македонија)
Татјана Стојановска Иванова (Македонија)
Лариса В. Рибачева (Русија)
Софија Алемпиевиќ (Русија)
Татјана А. Тернова (Русија)
Татјана Атанасоска (Австрија)
Олег Н. Фенчук (Белорусија)
Јулиа Дончева (Бугарија)
Билјана Мариќ (Босна и Херцеговина)
Душко Певуља (Босна и Херцеговина)
Волф Ошлис (Германија)
Волфганг Моч (Германија)
Габриела Б. Клајн (Италија)
Михал Ванке (Полска)
Мајкл Рокланд (САД)
Даниела Костадиновиќ (Србија)
Селена Станковиќ (Србија)
Тамара Валчиќ-Булиќ (Србија)
Ахмед Ѓуншен (Турција)
Неџати Демир (Турција)
Шерифе Сехер Ерол Чал›шкан (Турција)
Карин Руке-Брутен (Франција)
Танван Тонтат (Франција)
Марија Рејес Ферер (Шпанија)
**Технички секретар**
Наташа Сарафова
Јована Караникиќ-Јосимовска
Ирина Аржанова
Главен и одговорен уредник
Драгана Кузмановска

**РЕДАКЦИОННЫЙ СОВЕТ**
Драгана Кузмановска, Филологический факультет при УГД
Жанна Грачева, Филологический факультет при ВГУ
Весна Коцева, Филологический факультет при УГД
Татьяна А. Тернова, Филологический факультет при ВГУ
Виолета Димова, Филологический факультет при УГД
Геннадий Ф. Ковалев, Филологический факультет при ВГУ
Костадин Голаков, Филологический факультет при УГД
Лариса В. Рыбачева, Филологический факультет при ВГУ

**МЕЖДУНАРОДНАЯ РЕДАКЦИОННАЯ КОЛЛЕГИЯ**
Виолета Димова (Македония)
Даниела Коцева (Македония)
Драгана Кузмановска (Македония)
Ева Гёргиевска (Македония)
Мария Кусевска (Македония)
Силвана Симоска (Македония)
Татьяна Стояновска-Иванова (Македония)
Лариса В. Рыбачева (Россия)
Софья Алемпиевич (Россия)
Татьяна А. Тернова (Россия)
Татяна Атанасоска (Австрия)
Олег Н. Фенчук (Беларусь)
Юлиа Дончева (Болгария)
Биляна Марич (Босния и Херцеговина)
Душко Певуля (Босния и Херцеговина)
Вольф Ошлис (Германия)
Волфганг Моч (Германия)
Мария Рейес Феррер (Испания)
Габриелла Б. Клейн (Италия)
Ева Бартос (Польша)
Михал Ванке (Польша)
Майкл Рокланд (США)
Даниела Костадинович (Сербия)
Селена Станкович (Сербия)
Тамара Валчич-Булич (Сербия)
Ахмед Гюншен (Турция)
Неджати Демир (Турция)
Шерифе Сехер Эрол Чал›шкан (Турция)
Карин Рукэ-Брутэн (Франция)
Танван Тонтат (Франция)
**Ученый секретарь**
Наташа Сарафова
Йована Караникич-Йосимовска
Ирина Аржанова

**Главный редактор**
Драгана Кузмановска

**Языковая редакция**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонский язык)
Марьяна Розенфельд (русский язык)
Бильяна Иванова (английский язык)
Снежана Кирова (английский язык)
Татьяна Уланска (английский язык)

**Техническое редактирование**
Костадин Голаков
Наташа Сарафова
Ирина Аржанова
Кире Зафиров

**Адрес организационного комитета**
**Университет им. Гоце Делчева – Штип**
**Филологический факультет**
ул. „Крсте Мисирков“ д. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македония

**Воронежский государственный университет**
**Филологический факультет**
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Россия
**Э-почта:** filko.conference@gmail.com
**Веб-сайт:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

**EDITORIAL STAFF**
Dragana Kuzmanovska, Faculty of Philology, UGD
Zhana Gracheva, Faculty of Philology, VGU
Svetlana Jakimovska, Faculty of Philology, UGD
Tatyana A. Ternova, Faculty of Philology,VGU
Violeta Dimova, Faculty of Philology, UGD
Genadiy F. Kovalyov, Faculty of Philology, VGU
Kostadin Golakov, Faculty of Philology, UGD
Larisa V. Rybatcheva, Faculty of Philology, VGU
**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**
Daniela Koceva (Macedonia)
Dragana Kuzmanovska (Macedonia)
Eva Gjorgjievska (Macedonia)
Marija Kusevska (Macedonia)
Silvana Simoska (Macedonia)
Tatjana Stojanovska-Ivanova (Macedonia)
Violeta Dimova (Macedonia)
Larisa V. Rybatcheva (Russia)
Sofya Alempijevic (Russia)
Tatyana A. Ternova (Russia)
Tatjana Atanasoska (Austria)
Oleg N. Fenchuk (Belarus)
Yulia Doncheva (Bulgaria)
Biljana Maric (Bosnia and Herzegovina)
Dushko Pevulja (Bosnia and Herzegovina)
Wolf Ochlies (Germany)
Wolfgang Motch (Germany)
Gabriella B. Klein (Italy)
Ewa Bartos (Poland)
Michal Wanke (Poland)
Danijela Kostadinovic (Serbia)
Selena Stankovic (Serbia)
Tamara Valchic-Bulic (Serbia)
Maria Reyes Ferrer (Spain)
Ahmed Gunshen (Turkey)
Necati Demir (Turkey)
Şerife Seher Erol Çalişkan
Karine Rouquet-Brutin (France)
That Thanh-Vân Ton (France)
Michael Rockland (USA)
**Conference secretary**
Natasha Sarafova
Jovana Karanikic-Josimovska
Irina Arzhanova
**Editor in Chief**
Dragana Kuzmanovska

**Language editor**
Danica Atanasovska-Gavrilova (Macedonian)
Maryana Rozenfeld (Russian)
Biljana Ivanova (English)
Snezana Kirova (English)
Tatjana Ulanska (English)
**Technical editing**
Kostadin Golakov
Natasha Sarafova
Irina Arzhanova
Kire Zafirov

**Address of the Organizational Committee**
**Goce Delcev University - Stip**
**Faulty of Philology**
Krste Misirkov St. 10-A
PO Box 201, Stip - 2000, Republic of Macedonia

**Voronezh State Universiy**
**Faculty of Philology**
10 pl. Lenina, Voronezh, 394006, Russia
**E-mail:** filko.conference@gmail.com
**Web-site:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

## СОДРЖИНА / СОДЕРЖАНИЕ / CONTENT

1. **Suzana R. Bunčić** - ANDRIĆ’S EARLY STORIES WITH ELEMENTS OF ALLEGORY AND SATIRE ....................13
2. **Катерина Видова** - ГЛАГОЛСКИОТ ПРИЛОГ ВО УЛОГА НА ПРИЛОШКА ОПРЕДЕЛБА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НЕГОВИТЕ АНГЛИСКИ ПРЕВОДНИ ЕКВИВАЛЕНТИ ....................19
3. **Ана Витанова - Рингачева** - СОБИРАЧИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАРОДНО ТВОРЕШТВО ОД ЦЕПЕНКОВ ДО ДЕНЕС (НА 100-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА МАРКО ЦЕПЕНКОВ) ....................27
4. **Бранка Гривчевска** - МОДУЛАЦИЈАТА КАКО ПРЕВЕДУВАЧКА ПОСТАПКА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРЕВОД НА РОМАНОТ „ПАЛОМАР“ ОД ИТАЛО КАЛВИНО ....................33
5. **Сашка Грујовска-Миланова** - ИНТЕГРАЦИЈА НА ГЕРМАНИЗМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ....................43
6. **Јованка Денкова** - СОЦИЈАЛНИТЕ РАСКАЗИ НА АНТОН ПАВЛОВИЧ ЧЕХОВ И БОРИС БОЈАЏИСКИ ....................49
7. **Марија Ѓорѓиева Димова** - ИНТЕРДИСКУРЗИВНИТЕ ДИЈАЛОЗИ НА ЛИРИКАТА....................57
8. **Ивана Ѓоргиева, Александар Нацов** - ГАСТРОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....................69
9. **Биљана Иванова, Драгана Кузмановска, Снежана Кирова** ПРЕДНОСТИ ПРИ УЗУЧУВАЊЕТО НА СТРАНСКИ ЈАЗИК ОД НАЈМАЛА ВОЗРАСТ ....................75
10. **Билјана Ивановска, Марија Кусевска, Цвета Мартиновска Банде** ЈАЗИЧЕН КОРПУС НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗУЧУВАЧИ ПО АНГЛИСКИ И ГЕРМАНСКИ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ....................79
11. **Лела Ивановска** - КРЕАТИВНОСТА ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ....................87
12. **Natka Jankova Alagjozovska** - INTERCULTURAL COMMUNICATION CONGITION OF ENGLISH LANGUAGE TEACHERS IN OUR COUNTRY AND ABROAD ....................95
13. **Сашка Јовановска** - УСВОЈУВАЊЕ ВТОР ЈАЗИК- ПЕДАГОШКА ГРАМАТИКА ....................105
14. **Луси Караниколова-Чочоровска** - „ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО ВО ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ ЛИТЕРАТУРИ“ (ПРЕГЛЕД) ....................113
15. **Карначук Ирина Юрьевна** - ПОРЯДОК СЛОВ И ИНВЕРСИЯ КАК СПОСОБЫ ВЫРАЖЕНИЯ ЭКСПРЕССИВНОСТИ ....................119
16. **Милена Касапоска-Чадловска -** ГРАМАТИКАТА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ....................123
17. **Лидија Ковачева -** ДЕМОНОЛОШКИТЕ ПРЕТСТАВИ КАЈ АСИРЦИТЕ И БАБИЛОНЦИТЕ ....................133
18. **Славчо Ковилоски -** ПРОТОТИПИ НА ЖЕНСКИ ЛИКОВИ ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ И ФОЛКЛОРОТ ОД XIX ВЕК ....................141
19. **Весна Кожинкова -** РЕФЕРЕНЦИЈАЛНОСТА ВО РОМАНОТ „МЕМОАРИТЕ НА АЛБЕРТ АЈНШТАН“ ОД КИРЕ ИЛИЕВСКИ....................149

20. **Кристина Костова, Марија Крстева, Наталија Попзариева, Крсте Илиев, Драган Донев -** ДРАМАТА ВО СРЕДЕН ВЕК КАКО ОСНОВА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО АНГЛИЈА ........ 155
21. **Мирјана Коцалева, Александра Стојанова, Билјана Златановска, Наташа Стојковиќ -** ПРИМЕНА НА РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ПРЕДМЕТИ ........ 163
22. **Весна Коцева -** ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КОМУНИКАТИВНИОТ ПРИСТАП ........ 169
23. **Весна Коцева, Марија Тодорова -** ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА ПРИРОДНИОТ ПРИСТАП НА КРЕШЕН И ТЕРЕЛ ........ 177
24. **Даниела Коцева, Шукрије Барути, Снежана Мирасчиева -** ЈАЗИКОТ И ГОВОРОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНА И ИНДИВИДУАЛНА АДАПТАЦИЈА ........ 183
25. **Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева -** РЕФЛЕКСИЈАТА НА ОДДЕЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СОДРЖИНИ И ПОЈАВАТА НА НАСИЛСТВО КАЈ ДЕЦАТА ........ 191
26. **Драгана Кузмановска, Лидија Ристова, Биљана Иванова** МОЌТА НА ФРАЗЕОЛОГИЗМИТЕ ВО СВЕТОТ НА РЕКЛАМИТЕ ........ 199
27. **Marija Kusevska -** WHERE DIRECTNESS AND INDIRECTNESS RESIDE ........ 207
28. **Лидия Лумпова -** СООТНОШЕНИЕ ГОЛОСА АВТОРА И ГОЛОСОВ ГЕРОЕВ В ХУДОЖЕСТВЕННЫХ СИСТЕМАХ ТОЛСТОГО И ДОСТОЕВСКОГО (НА МАТЕРИАЛЕ РОМАНА -ЭПОПЕИ Л.Н. ТОЛСТОГО «ВОЙНА И МИР», РОМАНОВ Ф.М. ДОСТОЕВСКОГО «ПРЕСТУПЛЕНИЕ И НАКАЗАНИЕ», «ИДИОТ», «БРАТЬЯ КАРАМАЗОВЫ») ........ 215
29. **Ранко Младеноски -** ХИПОТЕКСТОТ ВО ПОЕЗИЈАТА НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ ........ 223
30. **К.А. Нагина -** ТВОРЧЕСТВО Л.Н. ТОЛСТОГО В ПРОСТРАНСТВЕ СОВРЕМЕННОГО ФИЛОЛОГИЧЕСКОГО ОБРАЗОВАНИЯ ........ 233
31. **Георгий Недюрмагомедов** - ФОРМИРОВАНИЕ МЕТАПРЕДМЕТНЫХ УМЕНИЙ УЧАЩИХСЯ ОСНОВНОЙ ШКОЛЫ В ПРОЦЕССЕ УЧЕБНОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ ........ 241
32. **Першина Татьяна Ивановна** - ОРГАНИЗАЦИЯ ПРОЕКТНО-ИССЛЕДОВАТЕЛЬСКОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ ОБУЧАЮЩИХСЯ ПО ГЕОГРАФИИ ........ 247
33. **Мария Попова** - РОЛЬ И ФУНКЦИИ МУЗЕЕВ В ФОРМИРОВАНИИ СОВРЕМЕННОГО ГУМАНИТАРИЯ ........ 253
34. **Vesna Prodanovska-Poposka** - ACQUIRING PROPER PRONUNCIATION: AN OVERVIEW OF A SET OF EXERCISES FOR IMPROVING ENGLISH LONG /i:/ AND /u:/ VOWELS ........ 259
35. **Цветанка Ристова Магловска, Младен Мицевски** ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ КАКО АЛАТКА ЗА ИНСПИРИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УГОСТИТЕЛСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 265
36. **Петја Рогич, Драган Донев** - МИНАТИТЕ ВРЕМИЊА ВО БУГАРСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ПРЕВОД НА „ВУЈКО ВАЊА“ ОД АНТОН ПАВЛОВИЧ ЧЕХОВ ВО ОДНОС НА МИНАТИТЕ ВРЕМИЊА ВО СРПСКИОТ ПРЕВОД ........ 273

37. **Наташа Сарафова** - ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И КУЛТУРНИТЕ ПОЛИТИКИ ВРЗ ВИДЛИВОСТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ КНИЖЕВНОСТИ (Пример : Норвешка книжевност) ........281
38. **Наташа Сарафова, Марица Тасевска** - АСПЕКТИ НА КНИЖЕВНИТЕ ИНДУСТРИИ ВО НОРВЕШКА ..........291
39. **Simona Serafimovska** - STRUCTURE OF THE ENGLISH LANGUAGE TEACHERS AT THE UNIVERSITIES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ..........297
40. **Елена Владимировна Сидорова** - ЛОГИЧЕСКИЕ ОШИБКИ В ПИСЬМЕННЫХ РАБОТАХ УЧАЩИХСЯ ..........305
41. **Александра Стојанова, Мирјана Коцалева, Наташа Стојковиќ, Билјана Златановска** - ПРИМЕНА НА VARK МОДЕЛОТ ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ ..........311
42. **Анета Стојановска-Стефанова, Марија Магдинчева-Шопова** - ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД ПОЛИТИЧКАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ЗА ДРЖАВИТЕ ..........319
43. **Aleksandra P. Taneska, Blagojka Zdravkovska-Adamova** CREATING SYLLABUS AND DEVELOPING GRADING CRITERIA FOR MACEDONIAN LANGUAGE FOR PROFESSIONAL PURPOSES AT SEEU ACCORDING TO NEEDS BASED ANALYSIS ..........327
44. **Ольга Тихонова** - И.В. ГЁТЕ КАК КИНОПЕРСОНАЖ: К ПРОБЛЕМЕ ДИАЛОГА ЛИТЕРАТУРЫ И КИНО ..........337
45. **Марија Тодорова, Весна Продановска-Попоска** - ГЛАСОВНИТЕ СИСТЕМИ НА ШПАНСКИОТ И НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ..........345
46. **Емилија Тодоровиќ** - ОБРАЗОВАНИЕ И ПРАКТИКА:УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА-НОВ КОНЦЕПТ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА ВО ТЕХНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ..........351
47. **Elena Trajanovska, Maja Gjurovikj, Biljana Ivanova** - STANDARDS-BASED EDUCATION IN ACHIEVING LANGUAGE INTEROPERABILITY ..........357
48. **Nina S. Ćeklić** - NARRATIVE-STYLISTIC FEATURES IN THE NOVEL LETTERS TO DANILO KIŠ BY FILIP GAJIĆ ..........365
49. **Ульянова Марина Алексеевна** - ГЕНДЕРНЫЕ ОСОБЕННОСТИ СЕМАНТИЧЕСКОЙ СТРУКТУРЫ СЛОВА ВЗГЛЯД ..........373
50. **Славица Урумова-Марковска** - ПРОСВЕТИТЕЛСКИОТ ЛИК НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ПРЕДАНИЈАТА И ЛЕГЕНДИТЕ..........383
51. **С.Н. Филюшкина, Ж.А. Борискина** - АВТОР В ПУБЛИЦИСТИЧЕСКОМ ПРОИЗВЕДЕНИИ (НА МАТЕРИАЛЕ КНИГИ Г. ГРИНА “Getting to Know the General. The Story of an Involvement”, 1984.) ..........391
52. **Наталия Хабарова** - АНГЛИЙСКИЕ ЗАИМСТВОВАНИЯ В СРЕДСТВАХ МАССОВОЙ ИНФОРМАЦИИ ..........397
53. **Ольга Швецова** - ЯЗЫКОВЫЕ ОСОБЕННОСТИ «ПЕДАГОГИЧЕСКОЙ ПОЭМЫ» А.С. МАКАРЕНКО ..........407
54. **Васко Шутаров** - КУЛТУРА И КУЛТУРНА ДИПЛОМАТИЈА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА ..........415

**UDC 37.091.31-059.1:640.4**

# ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ КАКО АЛАТКА ЗА ИНСПИРИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УГОСТИТЕЛСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Цветанка Ристова Магловска[1], Младен Мицевски[2]**
[1]Асистент-докторанд, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип,
Факултет за туризам и бизнис логистика,
cvetanka.ristova@ugd.edu.mk
[2] Професор, С.О.У. „Митко Пенџуклиски“ - Кратово,
mladenmicevski@gmail.com

**Апстракт**

Културните, економските и општествените промени создадоа потреба од различни пристапи кон образованието. Глобализацијата, што ја зголемува меѓународната меѓузависност, создавањето на нови знаења и застареноста на постарите знаења, значи дека наставниците и учениците мора да бидат отворени за промени и нови можности. Едноставното влегување на учениците на училиште за да им се даде традиционално образование нема да биде доволно. Затоа од голема важност ќе биде да им се помогне на учениците да ги научат вештините што им се потребни за работните места во иднина. Искуственото учење е тоа што го принудува образованието да ги промени начините на учење. Искуственото учење претставува позитивно и значајно дополнување на теоретските знаења кои што ги стекнуваат учесниците низ процесот на учење преку искуство, снаоѓање, упатување и запознавање со една нова средина, една култура на организазција, а од друга страна, претставуваат потенцијални вработени доколку бидат детектирани како такви од идните работодавачи каде што обавуваат практична настава.

**Клучни зборови:** *искуствено учење, образование, настава, угостителство, ученици*

## 1. Вовед

Угостителството е стопанска дејност во која што има голем број на предизвици, пред сè за самите вработени. Луѓето што се подготвуваат за идни угостители, најоптимално е да го реализираат дел од своето образование во реални ситуации, т.е. во угостителски објекти кадешто ќе имаат директен контакт со самата професија. Теоретскиот дел е потребен, но речиси неупотреблив во реалноста доколку истиот не се увиди практично. Апсолвирањето на вештините во угостителството кај учениците се постигнува со искуства кои се плански поврзани со изучената теорија. Затоа, искуственото учење е концепт на кој се гледа како потребен во угостителските образовни институции, а истиот обезбедува непосреден контакт на ученикот со неговите „утрешни“ секојдневни работни активности. Дополнително, не смее да се изостави воопшто ниту мотивациониот ефект што може да го даде искуственото учење на одреден ученик. Доверувањето на конкретни работни задолженија на учениците им дава

до знаење за нивната, условно кажано, важност во процесот на подготовка и давањето на угостителските услуги, па оттука и мотивираноста се зголемува. Уште повеќе би се зголемила преку потенцијалното препознавање и вреднување на угостителските вештини што тие ќе ги стекнуваат и развиваат од страна на секторските компании. Увидувајќи го бенефитот од овој концепт многу водечки програми за туризам и угостителство во моментот интегрираат искуствен елемент за учење во нивните наставни програми (Lee, 2006).

## 2. Преглед на литературата

Академското истражување на тема искуствено учење ја вклучува работата на Dewey (1938), кој утврдил дека учењето бара комбинација на размислување и правење. Но, оттогаш наодите на оваа тема се многу проширени. На пример, Chavan (2011) дискутира за динамичен, заемно зајакнат однос помеѓу искуственото учење, теоретското стекнување на знаење и интеграција во унапредување во социјалниот свет на вработување. Mollaei and Rahnama (2012), тврдат дека искуственото учење не е само „работа на терен“ или „пракса“ што го поврзува учењето со реалните животни ситуации. Напротив, подлабоко е дефиниран со вклучување на фази на размислување дизајнирани да му помогнат на ученикот да го пренесе тековното искуство со минатото и идните. Клучните елементи на искуствено учење се идентификуваат како директна вклученост и активен ангажман на учениците и можности за учење врз основа на работа (Mak *et al.*, 2017). Кога учениците се вклучуваат во овој вид на учење се покажува дека претставува помош во развојот на нивните животни вештини, критичното размислување, решавањето на проблеми и етика на работа (Wurdinger & Allison, 2017); како и тимска работа, комуникациски и лидерски вештини (Roberts, 2018).

Со оглед на професионалната природа на угостителството, тој историски е насочен кон развој технички оперативни вештини, честопати со фокус на храна и пијалоци (Alexander *et al.*, 2009). Во рамките на секторот за образование, ова резултира со обезбедување на ресторани и кујни за обука. Alexander et al. (2009), идентификуваа како овие средини за искуствено учење им овозможуваат вредни можности на учениците за професионално дејствување, каде што се вклучуваат со вистински клиенти, практикуваат вистински менаџмент одлуки и се соочуваат со нивоа на притисок сличен на реалниот свет. Практикантството им дава знаење на учесниците за да направат соодветни избори за работа по напуштање на училиштето (Jack *et al.*, 2017). Реалниот поглед утврден за време на стажирањето им овозможува на учесниците да погледнат што треба да очекуваат со кариера во угостителската индустрија (Jack *et al.*, 2017). Како што е наведено од Stone and Petrick (2017), угостителското образование им овозможуваат можност и околина на учесниците да искусат од прва рака надвор од предавалната, што се однесува директно на примената на знаењето. На сето ова се гледа како подобро подготвување за вработување во индустријата.

Меѓутоа, иако искуственото учење може да биде широко вкоренето во рамките на угостителското образование и иако концептот на искуствено учење е широко истражуван низ бројни дисциплини, се чини дека е ограничено во рамките на специфичната област на угостителството (Mak *et al.*, 2017). Во литературата за овој сектор се утврдува дека искуствената компонента на наставната програма е релативно лоша во исполнувањето на потребите

на учесниците кои мора да ги комбинираат теоријата и практиката по завршувањето на своето образование. Ball (1995) го идентификувал проблемот со работодавците уште во 1990-тите, во врска со учесниците кои немаат преносливи вештини за употреба во индустријата. Преку дизајнирање и развој на индустрија во реално време, учесниците биле повеќе мотивирани, со поголем дух за потрага и независна акција. Lowry & Flohr (2005) ја истражуваат вредноста на наставната програма заснована врз компетенции која ја развива компетентноста на учесникот и вештини за управување, како и дисциплинско специфично знаење. Тие идентификувале како да бидеш компенитивен во својата кариера е силен мотиватор за учениците; и дека работодавците честопати се повеќе се заинтересирани што можат да направат учениците, отколку што знаат. Искуствените техники за учење имаат корист во угостителството за учениците во однос на засилено учење, интерес и ентузијазам (Ruhanen, 2006) што доведува до постигнување на повисоки нивоа на исходи од учење кога им се дава можност за развој и вежбање на вештини во рамките на сценарија во реалниот свет создадени за учење (Lee, 2008).

Согледувајќи ја потребата од примената на искуственото учење во областа на угостителството образование, наредниот дел од овој труд ќе се насочи кон застапеноста на искуственото учење во угостителските средни училишта во Р. С. Македонија односно во која форма се појавува и која е неговата важноста за учениците.

## 3. Практичната настава и феријална практика како дел од искуственото учење во средното техничко образование и стручно образование на занимање во Р. С. Македонија

Образовниот систем во Р. С. Македонија ги комбинира содржините кои се предаваат на училиште со практична обука и феријална практика кои им овозможуваат на учениците да се здобијат со практични знаења и работно искуство во вистински работни околности овозможувајќи искуствено учење, за на крајот со завршување на програмата да се стекнат со диплома за завршено средно стручно образование од областа на туризмот и угостителството.

### 3.1 Практичната настава, вежби и учење преку работа

Практичната настава во Р. С. Македонија претставува форма на практично образование која им овозможува на учениците да стекнат знаења, вештини и навики кои се потребни за вршење на работата во рамки на квалификацијата и оспособување за брзо вклучување во процесите на конкретна технологија на работа (Јовчевски *и др.*, 2020). Практичната настава може да се изведува во училиштето со соодветно технички опремени простории или во реални услови во компании.

Пред воведувањето на концепцијата за модернизација на техничкото образование во учебната 2019/2020 година, практичната настава во средното техничко образование (четиригодишно) и стручното образование за занимања (тригодишно) се организираше како посебен предмет насловен Практична настава со сопствена наставна програма, креирана врз основа на профилот на образованието. Во Табела 1 претставени се бројот на часови по практична настава во угостителско-туристичката струка за сите профили по години пред да се воведе техничкото образование. Од Табела 1 јасно се гледа дека фондот на часови по Практична настава е поголем кај стручното образование на занимање,

додека кај техничкото фондот е помал.

**Табела 1. Број на часови по практична настава во стручно образование за занимања и техничко образование во угостителско-туристичка струка пред 2019/2020**

| Профил | Година на образование | | | | | | | | Вкупен фонд на часови за профил |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I година | | II година | | III година | | IV година | | |
| | Н | Г | Н | Г | Н | Г | Н | Г | |
| Хотелско – туристички техничар | / | / | 3 | 108 | 5 | 180 | 5 | 165 | 453 |
| Угостителски техничар за рурален туризам | / | / | 3 | 108 | 5 | 180 | 5 | 165 | 453 |
| Угостителски техничар | / | / | 6 | 216 | 6 | 216 | 6 | 198 | 630 |
| Келнер (3 години) | 8 | 288 | 14 | 504 | 14 | 462 | | | 1.254 |
| Готвач (3 години) | 8 | 288 | 14 | 504 | 14 | 462 | | | 1.254 |
| Слаткар (3 години) | 8 | 288 | 14 | 504 | 14 | 462 | | | 1.254 |
| Н = неделен фонд на часови  Г = годишен фонд на часови | | | | | | | | | |

***Извор:*** Центар за стручно образование и обука http://arhiva.csoo.edu.mk/images/stories/NastavniPlanovi/nastavniplanovi.pdf

Со усвоените нови наставни планови за техничко образование се менува и структурата на изведување на практична настава и се воведува концептот на Учење преку работа кај работодавач. Во наставниот план и програмите практичната настава е поврзана со повеќе одделни предмети кои се изучуваат и нивниот фонд се движи од 1 до 3 часа неделно, зависно од значењето на предметот за квалификацијата. Во секторот се воведува уште една нова квалификација, а тоа е техничар за настани и анимации. Патем, кај стручното образование на занимање нема промени. Во Табела 2 е вметнат вкуниот неделен и годишен фонд на часови по вежби, практична настава и учење преку работа кај работодавач по години и по квалификации на занимање.

**Табела 2. Број на часови по практична настава, вежби и учење преку работа во техничко образование во сектор туризам и угостителство од 2019/2020**

| Квалификации на занимање / профил | Година на образование | | | | | | | | Вкупен фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I година | | II година | | III година | | IV година | | |
| | Н | Г | Н | Г | Н | Г | Н | Г | |
| Хотелско – туристички техничар | 4 | 144 | 6 | 216 | 10 | 360 | 12 | 396 | 1.116 |
| Угостителски техничар за рурален туризам | 4 | 144 | 6 | 216 | 10 | 360 | 12 | 396 | 1.116 |
| Угостителски техничар | 4 | 144 | 6 | 216 | 10 | 360 | 12 | 396 | 1.116 |
| Техничар за настани и анимации | 4 | 144 | 6 | 216 | 10 | 360 | 12 | 396 | 1.116 |
| Н = неделен фонд на часови Г = годишен фонд на часови | | | | | | | | | |

***Извор:*** Центар за стручно образование и обука
https://drive.google.com/file/d/1ZQAolvdc34YsTZ3MlbFfHn6pwSJIDt9A/view

Доколку се направи споредба помеѓу Табела 1 и Табела 2, јасно се гледа дека годишниот фонд на часови драстично е зголемен и се изедначува за сите квалификации (1.116 часа годишно). Поконкретно, бројот на часови кои инволвираат практична настава, вежби и учење преку работа е за 246% зголемен за квалификациите хотелско – туристички техничар и угостителски техничар за рурален туризам, додека за квалификацијата угостителски техничар зголемен е за 177%. Оттука, може да се заклучи дека промените во техничкото образование водат кон зголемување на целосната инволвираност на учениците во практичната настава и искуственото учење од областа на угостителството и туризмот во Р. С. Македонија.

### 3.2 Феријалната практика

Феријалната практика во Р. С. Македонија по својата функција, организација и содржина е форма на учење преку работа кај работодавач, која се организира по завршувањето на настанвата година и по правило, во континуирано траење кај соодветен работодавач (Јовчевски *и др.*, 2020) од областа на туризмот и угостителството. Феријалната пракса се изведува во сите години, освен во завршните години во времетраење од 20 дена и се изведува за време на летниот одмор на учениците. Образовно-работната практика во угостителското образование опфаќа феријална практика, која се одвива во училиштето, во угостителски објекти и туристички агенции кои одговараат на стандардите за угостителство и туризам пропишани со законот. Со новото упатство на Центарот за стручно образование и обука од 2020 година за изведвување на феријалната практика се идентификуваат серија на придобивки за учениците-практиканти, кои можат од друга страна да делуваат како мотиватори. Тие придобивки се:

- Инвестиција во сопствената иднина;
- Стекнување искуство на работно место во реални услови;
- Поврзување на теоретските знаења со практичните вештини потребни за работа;

- Проширена можност за избор на занимања и согледување можности за професионален и кариерен развој;
- Скратување на времето за адаптација при вработување;
- Учење од искусни стопанственици – мајстори и сл.;
- Подобрување на меките вештини: самодоверба, сигурност, дисциплина, самоиницијативност, креативност, лојалност, претприемнички вештини и сл.;
- Можност за финансиска награда;
- Запознавање со организациската култура;
- Добивање на препорака од компанијата.

Дополнително, се предвидуваат и неколку начини на наградување како надоместок за ученичката работа. Тие можат да бидат: финансиски надоместок за ученикот/чката, стипендирање на ученици, донирање опрема, литература, екскурзии, матурски порслави и сл. од страна на компанијата каде се изведува феријалната практика.

## 4. Ограничувања

Со направеното истражување се добија податоци за тоа како образовните институции и нивните партнери во Р. С. Македонија се насочуваат кон искуственото учење во рамки на редовните наставни планови и како сметаат дека истите можат да бидат инспиративни за учениците. Како ограничување на овој труд може да се земе тоа што е анализирана едната страна, т.е. страната на образовните институции. Не се направени подетални истражувања за реалните искуства на учениците во текот на практичната настава, вежби, учење преку работа и феријална практика. Сето тоа може да биде мотив повеќе за некои наредни истражувања.

## 5. Заклучок

Угостителсткото образование се менува драматично. Културните, економските и општествените промени се главните сили зад повеќето промени што се случуваат и кои угостителското образование ги доживува. Сепак, и покрај промените, ова е возбудлива ера за угостителското образование. Благодарение на искуственото учење кое е наменето за учениците, тие добиваат можност да сфатат поголемо ниво на деловни контексти во реалниот живот, во споредба со традиционалното учење базирано на предавања. Примената на искуственото учење го премостува јазот меѓу училниците и ситуациите во реалниот свет. Неговата ефикасност може се мери со стекнување практични знаења и вештини од страна на учениците што лесно може да ги пренесат во нивната кариера во угостителството и туристичката индустрија. Прегледот на застапеноста на искуственото учење во Р. С. Македонија го потврuда ова, преку поседување на програми за практична настава и феријална практика. Угостителството образование во Р. С. Македонија преку овие програми можеме да заклучиме дека комплетно се посветува на образување, воспитување и продуцирање кадар за задоволување на потребите на угостителството и туризмот. Искуственото учење преку програмите како практичната настава и феријална практика ги оспособуваат учениците за развојниот пазар на оваа дејност, а воедно и насочува

кон прилагодување на работата кон индивидуалниот развој на учениците преку стекнување компетенции, способности, знаења и вештини неопходни за нивно оспособување за вклучување на пазарот, како и продолжување на образованието и културно издигнување.

**Референци**


1. Alexander, M., Lynch, P., & Murray, R. (2009). Reassessing the core of hospitality management education: The continuing importance of training restaurants. *Journal of Hospitality, Leisure, Sports and Tourism Education (Pre-2012), 8*(1), 55-69.
2. Ball, S. (1995). Enriching student learning through innovative real-life exercises. *Education + Training, 37*(4), 18-25.
3. Chavan, M. (2011). Higher education students' attitudes towards experiential learning in international business. *Journal of Teaching in International Business, 22*(2), 126-143.
4. Dewey, J. (1938). *Experience and Education*. New York: Collier Books.
5. Jack, K., Stansbie, P., & Sciarini, M. (2017). An examination of the role played by internships in nurturing management competencies in Hospitality and Tourism Management (HTM) students. *Journal of Teaching in Travel & Tourism, 17,* 1-17.
6. Lee, S. A. (2008). Increasing student learning: A comparison of students' perceptions of learning in the classroom environment and their industry-based experiential learning assignments. *Journal of Teaching in Travel & Tourism, 7*(4), 37-54.
7. Lowry, L., & Flohr, J. (2005). No student left behind: A longitudinal assessment of the competency-based framework used to facilitate learning in a capstone tourism course. *Journal of Hospitality & Tourism Education, 17*(4), 28-35.
8. Mak, B., Lau, C., & Wong, A. (2017). Effects of experiential learning on students: An ecotourism service-learning course. *Journal of Teaching in Travel & Tourism, 17*(2), 85-100.
9. Mollaei, F., & Rahnama, H. (2012). Experiential education contributing to language learning. *International Journal of Humanities and Social Science, 2*(21), 268-279.
10. Roberts, J. (2018). From the editor: The possibilities and limitations of experiential learning research in higher education. *Journal of Experiential Education, 41*(1), 3-7.
11. Ruhanen, L. (2006). Bridging the divide between theory and practice: Experiential learning approaches for tourism and hospitality management education. *Journal of Teaching in Travel & Tourism, 5*(4), 33-51.
12. Stone, M., & Petrick, J. (2017). Exploring learning outcomes of domestic travel experiences through mothers' voices. *Tourism Review International, 21*, 17-30.
13. Wurdinger, S., & Allison, P. (2017). Faculty perceptions and use of experiential learning in higher education. *Journal of E-Learning and Knowledge Society, 13*(1), 15-26.
14. Јовчевски, З. Арсовска, Р., Алексовски, Б., Трпчевска, Л., Сулејмани, Н., Јаневска, Н., Георгиевска И., Донев, М., Амети, М., Атанасовска А., & Малиќи. Е. (2020). Упатство за феријална практика. *Центар за стручно образование и обука*, Скопје.